- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Р.М за тековната фискална година ,согласно член 51 ,став 1 и 4 од Законот за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината за потреба од вработување во локалните јавни установи за испразнетите работни места со соодветна пропратна документација (решение за пензионирање, решение за престанок на работен однос по основ на смрт и/или по сопствено барање , или по било кој правен основ)

- вработувања за кои се обезбедени средства од буџетот на општината за тековната фискална година за што согласно член 51 став 3 и 4 од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Буџетските корисници на средства од буџетот на општината , можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат изпразнети работни места, да вработуваат работници на определено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи само под услов ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината.

Министерството за финансии , односно градоначалникот на општината дава писмено известување , по претходно дадено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

Член 21

Надоместокот за превоз и храна се внесени во бруто платата на вработените.

Член 22

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен.

Член 23

Во случај на смрт на вработениот, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од 30.000 денари.

На вработениот , во случај на смрт на член на потесното семејство (родител,брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци,посвоени деца и деца земени на издржување) доколку живееле во заедница, му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификациај (лична карта или пасош).

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната , односно во наредната година.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.
Надоместоците за отпремнина за пензионирање на вработениот во општината и локалната јавна установа се исплаќа врз основа на член 9 став 1, алинеја 2 од Законот за исплата на платите и се планираат во Буџетот на општината за 2012 година .

Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплатирана документација и донесено решение согласно законските прописи.

Член 24

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници е преку набавки со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по пооделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавни набавки.

Набавките на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да де издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противредност од 6.000 денари каде задолжително мора да биде приложено фискална сметка, при што расходите треба да бидат класифицирани по соодветни расходни конта.

Член 25

Во буџетот на општината за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи мажат да се планираат средства како постојана и тековна резерва. Постојаната и тековна резерва не може да надмине 3% од вкупно планираните средства во основниот буџет на општината.

За користење на средствата на резервите од став 1 на овој член одлучува советот на општината , а ги извршува градоначалникот.

По исклучок од став 3 на овој член, за користење на средствата од резервите до износ од најмногу од 50.000 денари одлучува градоначалникот.

Одобраните средства во постојната буџетска резерва се користат за отстранување на последиците од елементарни непогоди, епидемии и еколошки катастрофи и не може да се намалат со прераспределб во тековната година , а доколку се недоволни можат да се зголемат со прераспределба.

Одобрените средства во постојната буџетска резерва се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни.

Градоначалникот на општината му поднесува на советот на општината Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

Член 26

Средствата утврдени во Буџетот на општината и распределени во пооделните програми и подпрограми ги извршува градоначалникот на општината.

Член 27

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени , а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатените односно наплатените приходи се врши со решение на градоначалникот , освен во случаи каде надлежноста припаѓа на други органи.

Член 28

Буџетот на општина Македонски Брод се извршува од 01.01.2013 до 31.12.2013 година

Член 29

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањетио и ќе биде објавена во "Службен гласник" на општина Македонски Брод,

Бр 07-966/3
28.12.2012 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Драге Јосифоски с.р.

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД***

# *БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР*
# *НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*
# *ЗА 2013 ГОДИНА*

***Македонски Брод, декември 2012 година***

***БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2013 ГОДИНА***

***Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на ЕЛС („Службен весник на Република Македонија“ број 61/2004,96/04 и 22/07 156/09** и 47/11 **година) Советот на општина М.Брод на седницата одржана на ден 28. 12. 2012 година, донесе***

# буџетски календар

| *МОЖЕН РОК* | *БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ - ОДГОВОРНОСТ* |
|---|---|
| ***од 15/ 02/ 13 до 01 /03/ 13*** | ***Формирање на работна група на иницијатива на градоначалникот. Делегирање на лица од секој релевантен сектор кои ќе бидат назначени за спроведување на Планот на програмите за развој (ППР)*** |
| ***од 01 /03/ 13 до 03 /03/ 13*** | ***Формирање на управно тело (УТ) од редот на делегираниот персонал*** |
| ***од 04 /03/ 13 до 29 /03/ 13*** | ***Подготовка на стандарден формат (од УТ) во кој ќе се определи рамката во која ќе се опишуваат предлог проектите и инструкциите за нивната подготовка*** |
| ***од 01 /04/ 13 до 30 /04/ 13*** | ***Активности на останатите делегирани членови*** |
| ***од 01 /05/ 13 до15 /05/ 13*** | ***Подготовка на листа на инвестициони цели*** |
| ***од 06 /05/ 13 до23 /05/ 13*** | ***Проценка и приоритизација на потребни видови инвестиции базирано на информациите обезбедени преку:***<br>- ***потребни основни средства***<br>- ***честост на поправки,реконструкции***<br>- ***честост на одржувања***<br>- ***барања на граѓаните преку разни форми на граѓанско учество (јавни расправи, анкети,јавни советодавни комитети***<br>- ***расположлива техничка документација***<br>- ***развојни програми, студии***<br>- ***лични проценки*** |

| | |
|---|---|
| *од 24 /05/ 13 до 03 /06/ 13* | *Подготовка на драфт верзија (апликација) на проекти за капитални инвестиции од страна на апликантите* |
| *од 04 /06/ 13 до 09 /06/ 13* | *Назначените јавни службеници од секторите за ЛЕР и буџет и финансирање на општината подготвуваат анализа на финансиските можности и нивна усогласеност со стратешките цели* |
| *од 10 /06/ 13 до 20 /06/ 13* | *Работната група врши анализа на усогласеноста на предлог проектите со развојната политика и финансиските сценарија. Во рамките на оваа активност работната група може да предложи ревизија иприлагодувања на финансиските сценарија со цел да се овозможи реализација на капиталните инвестиции* |
| *од 20 /06/ 13 до 30 /06/ 13* | *Работната група развива и одобрува евалуациони критериуми, листи за рангирање на проектите според приоритетноста* |
| *од 30 /06/ 13 до 15 /07/ 13* | *УТ ги анализира и ако е потребно ги ревидира инвестиционите предлози, ги одобрува листите на на повеќегодишните проекти и ги доставува до извршните тела на општината на конечна анализа и одобрување* |
| *од 15/07/ 13 до 15 /08/ 13* | *Листата на проекти се става на јавна расправа, анкета на фокус групи и други форми на истражувања* |
| *од 15/08/ 13 до 30 /08/ 13* | *Одделот за локален економски развој во соработка со техничките служби развиваат повеќегодишна програма на капитални инвестиции* |
| *Септември - октомври* | *Градоначалникот на општината подготвува Предлог план на програми за развој усогласен со Циркуларот и истиот го доставува на одобрување до Советот на општината најдоцна до 20 октомври тековната година* |
| *1 септември* | *Формуларите за подготовка на предлог-буџетската пресметка се подготвуваат и се дистрибуираат до општинските буџетски корисници од страна на градоначалникот и финансискиот оддел на општината.* |
| | |

| | |
|---|---|
| *15 септември* | *Буџетските информации за тековната и за минатата година се ставаат на формулари за секој оддел и општински буџетски корисник заедно со упатствата за основните насоки и препораки од градоначалникот.* |
| *1 октомври* | *Проценката на трошоците за следната буџетска година се враќаат на финансискиот оддел од страна на раководителите на одделите и општинските буџетски корисници.* |
| *10 октомври* | *а) се анализираат буџетските барања од страна на финансискиот оддел*<br>*б) барањата се анализираат, усогласуваат и поднесуваат до градоначалникот*<br>*в)се изготвува предложениот трошковен план од финансискиот оддел и*<br>*г) се подготвува предложената програма за приходи од страна на финансискиот оддел* |
| *15 октомври* | *Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените предлог буџетски и пресметки и го одобрува предлог - буџетот.* |
| *15 ноември* | *а) Предлог - буџетот се доставува до Советот на општината*<br>*б) се објавува содржината на предлог буџетот и се дава на достапност на јавноста*<br>*в) се одржуваат јавни расправи* |
| *1 декември* | *Се доставува конечен Предлог - буџет од страна на градоначалникот.* |
| *10 декември* | *Се води расправа во телата на Советот на општината.* |
| *20 декември* | *Седницата на Советот на општината за донесување на буџетот за наредната буџетска година* |
| *1 јануари* | *Започнува новата буџетска година* |

*Бр.07-966/4*
*28.12.2012год*

*СОВЕТ НА ОПШТИНА М.БРОД*
*ПРЕТСЕДАТЕЛ*
**ДРАГЕ ЈОСИФОСКИ с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за измена и дополна на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Македонски Брод за 2013 година**

Се објавува **Одлуката за измена и дополна на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Македонски Брод за 2013 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 година.

Бр.08- 966/19
31.12.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 т.6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.02/02) и член 21 од Статутот на општината Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр.02/03 год.), член член 17 став 1 а во врска со член 24-а став1,2 и 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 60/2011 год.), Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За измена и дополна на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2013 година**

1. Со оваа Одлука се врши измена и дополна на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2013 год. бр.07-893/7 од 29.11.2012 година.

2.Општина Македонски Брод согласно член 17 став 1 во врска со член 24-а став 1,2 и 3 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст- (Сл.весник на РМ бр.60/2011 год.) заради економски развој на Општината во почката „Б“ Детален урбанистички план за Македонски Брод се додава нов став 5 кој гласи:

**-Измена и дополна на Деталниот урбанистички план (ДУП) „Блок-2“ за Македонски Брод,за урбана единица бр.10, градежна парцела 10.11,10.12 и 10.13 за КО Македонски Брод,кој ќе се донесе во скратена постапка.**

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

Бр.07-966/5
28.12.2012 год.
Македонски Брод

Совет на општина Мак.Брод
Претседател,
Драге Јосифоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за објект“РУДПРОИНГ –МУСТАКАС“ ДОО –погон “Бабин дол“ од Македонски Брод, за формирање на градежна парцела Г-2 лесна и незагадувачка индустрија**

Се објавува **Одлуката за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за објект“РУДПРОИНГ –МУСТАКАС“ ДОО –погон “Бабин дол“ од Македонски Брод, за формирање на градежна парцела Г-2 лесна и незагадувачка индустрија,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 година.

Бр.08- 966/19
31.12.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член член 50-а ст.1 и 9 од Законот за просторно и урбанистичко планирање-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.60/2011 год.), член 22 став 1 и точките 1 и 4 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа на РМ (Сл.весник на РМ бр.05/02), и член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03),Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 год. ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Локална урбанистичка планска документација за објект „РУДПРОИНГ-МУСТАКАС“ ДОО –погон „Бабин дол“од Македонски Брод, за формирање на градежна парцела Г-2 лесна и незагадувачка индустрија**

1.Се УСВОЈУВА Локална урбанистичка планска документација за објект „РУДПРОИНГ-МУСТАКАС“ДОО –погон „Бабин дол“од Македонски Брод, за формирање на градежна парцела Г-2 лесна и незагадувачка индустрија, изработена од страна на ДООЕЛ„Перкан-Проект“-Прилеп со тех.бр. 55/12 ,од септември 2012 година.по барање на Ѓурчиноски Драге ул.„8-ми септември“ бр.12 од Македонски Брод ,

2.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

Бр. 07-966/6
28.12. 2012 год.
Македонски Брод

Совет на општина Мак.Брод
Претседател,
Драге Јосифоски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за измена и дополна на дел од Генералниот урбанистички план за Македонски Брод**

Се објавува **Одлуката за измена и дополна на дел од Генералниот урбанистички план за Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 година.

Бр.08- 966/19
31.12.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

,

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 од Статутот на општината Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр.02/03 год.) и член 18 точка 6 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.весник на РМ бр. 23/11 и 54/11 год.), Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За измена и дополна на дел од Генералниот урбанистички план за Македонски Брод**

1.Со оваа Одлука се врши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура од десната страна од мост на река Треска до градски базен во Македонски Брод предвидена со Генералниот урбанистички план за Македонски Брод заради вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација,по поднесено барање од лицето Секулоски Стојан ул„Ѓорче Петров“ бр.14 од Македонски Брод, согласно член 2 став 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација (Сл.весник на РМ бр.23/11),а врска со член 18 став 6 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.весник на РМ бр. 23/11 и 54/11 год.).

2.Општината Македонски Брод да изврши усогласување на Деталниот урбанистички план „Блок-1“ за Македонски Брод со Генералниот урбанистички план за Македонски Брод

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

Бр. 07- 966/7
28.12.2012 год.
Македонски Брод

Совет на општина Мак.Брод
Претседател,
Драге Јосифоски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Заклучокот (правилници) за спроведување на мерките по Закон за заштита на лични податоци**

Се објавува **Заклучокот (правилници) за спроведување на мерките по Закон за заштита на лични податоци,** што ги донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 година.

Бр.08- 966/19
31.12.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08, 124/10 и 135/11), а во врска со член 10, став 2, алинеја 2 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/09, 158/2010), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 година донесе:

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ТЕХНИЧКИТЕ И ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Член 1**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со овој правилник се пропишуваат техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци што се применуваат во Општина Македонски Брод ( во натамошниот текст: општината).

**Член 2**

**Обработка на личните податоци**

Одредбите од овој правилник се применуваат за:

- целосно и делумно автоматизирана обработка на личните податоци и
- друга рачна обработка на личните податоци што се дел од постојна збирка на лични податоци или се наменети да бидат дел од збирка на лични податоци.

**Член 3**

**Нивоа на технички и организациски мерки**

Техничките и организациските мерки се класифицираат во три нивоа:

- основно;
- средно и
- високо.

**Член 4**

**Примена на нивоа**

За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно ниво.

За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно и средно ниво.

За документите кои се пренесуваат преку електронско комуникациска мрежа, а содржат посебни категории на лични податоци и/или матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво.“.

Со документацијата за технички и организациски мерки, контролорот треба да пропише и обезбеди соодветен степен на заштита на личните податоци, согласно на нивоата кои се определени во овој член.

**Член 5**

За обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, со правното лице кое го одржува информацискиот систем, Општина Македонски Брод задолжително презема обврски и одговорности во однос на примената на прописите за заштита на личните податоци и на донесената документација за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци од контролорот

**Член 6**

**II. ОСНОВНО НИВО НА ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕРКИ**

Контролорот задолжително донесува и применува документација за технички и организациски мерки за овластените лица кои имаат пристап до личните податоци и до информацискиот систем.

Документацијата од ставот (1) на овој член особено содржи:

- План за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- Акт за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- Правила за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко комуникациската опрема;
- Правила за пријавување, реакција и санирање на инциденти;
- Правила за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци;
- Правила за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите.

**Член 7**

**Технички мерки**

Општината ги обезбедува следниве соодветни технички мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци и тоа:

1. единствено корисничко име;
2. лозинка креирана од секое овластено лице, составена од комбинација на најмалку осум алфанумерички карактери (од кои минимум една голема буква) и специјални знаци;
3. корисничко име и лозинка која овозможува пристап на овластеното лице до информацискиот систем во целина, на поединечни апликации и/или поединечни збирки на лични податоци потребни за извршување на неговата работа;
4. автоматизирано одјавување од информацискиот систем после изминување на определен период на неактивност (не подолго од 15 минути) и за повторно активирање на системот потребно е одново внесување на корисничкото име и лозинката;
5. автоматизирано отфрлање од информацискиот систем после три неуспешни обиди за најавување (внесување на погрешно корисничко име или лозинка) и автоматизирано известување на овластеното лице дека треба да се побара инструкција од администраторот на иниформацискиот систем;
6. инсталирана хардверска/софтверска заштитна мрежна бариера (“фајервол”) или рутер помеѓу информацискиот систем и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот;

7. ефективна и сигурна анти-вирусна и анти–спајвер заштита на информацискиот систем, која постојано ќе се ажурира заради превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси и спајвери;
8. ефективна и сигурна анти-спам заштита, која постојано ќе се ажурира заради превентивна заштита од спамови и
9. приклучување на информацискиот систем (компјутерите и серверите) на енергетска мрежа преку уред за непрекинато напојување.

**Член 8**
**Организациски мерки**

Општината ги обезбедува следниве организациски мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци и тоа:

- Пристап до компјутерот кој содржи софтвер за пресметка на плати на вработените со лични податоци од вработените, има само државниот службеник кој е овластен согласно Правилникот за систематизација и организација на работните места во општината.

-Пристап до компјутерот кој содржи софтвер за администрирање на даноци со лични податоци од даночните обврзници има само државниот службеник кој е овластен согласно Правилникот за систематизација и организација на работните места во општината.

- Пристап до интернет кој се однесуваат на симнување и снимање на документи преземени од електронската пошта има лице овластено од Градоначалникот на општината;

- Документите кои содржат лични податоци по истекот на рокот за нивно чување согласно прописите за архивска граѓа се уништуваат. Документите во хартиена форма кои содржат лични податоци по истекот на рокот за нивно чување се уништуваат во мера да не бидат повторно читливи и употребливи;

**Член 9**

Личните податоци на вработените во општината како и личните податоци на странките и трети лица во постапките кои се водат пред општината во секое време се чуваат во заклучени фиоки и шкафови и до нив имаат пристап државните службеници кои се овластени за тие работни задачи согласно правилникот за систематизација и организација на работните места во општината.

Вработеното лице кое ги врши работите за човечки ресурси во општината, го известува администраторот на информацискиот систем за вработувањето или ангажирањето на *секое овластено лице* со право на пристап до информацискиот систем, за да му биде доделено корисничко име и лозинка, како и за престанок на вработувањето или ангажирањето за да му бидат избришани корисничкото име и лозинката, односно заклучени за натамошен пристап.

**Член 10**
**Физичка сигурност на информацискиот систем**

Серверите на кои се инсталирани софтверските програми за обработка на личните податоци, треба да се физички лоцирани, хостирани и администрирани од страна на контролорот.

Физички пристап до просторијата во која се сместени серверите може да имаат само лица посебно овластени од контролорот.

Доколку е потребен пристап на друго лице до просторијата и личните податоци зачувани на серверите, тогаш тоа лице треба да биде придружувано и надгледувано од лицето од ставот (2) на овој член.

Просторијата во која се сместени серверите се заштитува од ризиците во опкружувањето преку примени на мерки и контроли со кои се намалува ризикот од потенцијални закани вклучувајќи кражба, пожар, експлозии, чад, вода, прашина, вибрации, хемиски влијанија, пречки во снабдувањето со електрична енергија и електромагнетно зрачење.

**Член 11**

**Информирање за заштитата на личните податоци**

Државните службеници кои се вработуваат или се ангажираат во општината, пред нивното отпочнување со работа се запознаваат со прописите за заштита на личните податоци, како и со документација за технички и организациски мерки.

Државните службеници кои се вработуваат или се ангажираат во општината, пред нивното отпочнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Изјавата за тајност и заштита на обработката на личните податоци содржи: дека лицата ќе ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци пред нивниот пристап до личните податоци; ќе вршат обработка на личните податоци согласно документацијата за техничките и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци на оопштината, освен ако со закон поинаку не е уредено и ќе ги чуваат како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита.

Изјавата за тајност и заштита на обработката на личните податоци задолжително се чува во досиејата на лицата кои се вработуваат или се ангажираат.

**Член 12**

**Обврски и одговорности на администраторот на информацискиот систем**

Обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем, контролорот ги дефинира и утврдува во Правилата за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко комуникациската опрема.

Контролорот задолжително врши периодична контрола над работата на администраторот на информацискиот систем и изработува извештај за извршената контрола.

Во извештајот од ставот (2) на овој член треба да се содржани констатираните неправилности и предложените мерки за отстранување на тие неправилности“.

**Член 13**

**Обврски и одговорности на овластените лица**

Обврските и одговорностите на секое овластено лице кое има пристап до личните податоци и до информацискиот систем, контролорот ги дефинира и утврдува во Правилата за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко комуникациската опрема

Контролорот овластува едно или повеќе лица за заштита на личните податоци (офицер за заштита на личните податоци) кои ќе бидат одговорни за координација и контрола на постапките утврдени во донесената документација за техничките и организациските мерки за

обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци (во натамошниот текст: одговорно лице за заштита на личните податоци).

**Член 14**

**Евидентирање на инциденти**

Во Правилата за пријавување, реакција и санирање на инциденти, контролорот го определува начинот на евидентирање на секој инцидент, времето кога се појавил, овластеното лице кој го пријавил, на кого е пријавен и мерките кои се преземени за негово санирање.

**Член 15**

**Идентификација и проверка**

Контолорот задолжително води евиденција за овластените лица кои имаат авторизиран пристап до документите и информацискиот систем, како и да воспоставува постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап.

Кога проверката се врши врз основа на корисничко име и лозинка, контролорот секогаш ги применува правилата кои ја гарантираат нивната доверливост и интегритет при пријавување, доделување и чување на истите.

Лозинките треба да се менуваат по изминат временски период, но не подолг од три месеци, како и да се чуваат заштитени со соодветни методи, така што нема да бидат разбирливи додека се валидни.

**Член 16**

**Контрола на пристап**

Овластените лица задолжително имаат авторизиран пристап само до личните податоци и информатичко комуникациската опрема кои се неопходни за извршување на нивните работни задачи.

Контролорот воспоставува механизми за да се оневозможи пристап на овластените лица до личните податоци и информатичко комуникациската опрема со права различни од тие за кои се авторизирани.
лице.

Администраторот на информацискиот систем кој е овластен со Актот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци може да доделува, менува или да го одзема авторизираниот пристап до личните податоци и информатичко комуникациската опрема само во согласност со критериумите кои се утврдени од страна на контролорот.

**Член 17**

**Управување со медиуми**

Со медиумите треба да се овозможи идентификација и евидентирање на категориите на лични податоци и истите треба да се чуваат на локација до која пристап имаат само *овластените лица* утврдени во Актот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Пренесувањето на медиумите надвор од работните простории се врши само со претходно писмено овластување од страна на контролорот.

**Член 18**

**Уништување, бришење или чистење на медиумот**

Постапките и процедурите за управувањето, уништувањето како и за бришењето или чистењето на медиумот се определени со Правила на начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите

**Член 19**

**Сигурносни копии и повторно враќање на зачуваните лични податоци**

Постапките и процедурите за правење на сигурносни копии како и начинот на чување се регулирани со Правилата за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторното враќање на зачуваните лични податоци.

**Член 20**

**Начин на чување на сигурносните копии**

Сигурносните копии се чуваат надвор од просторијата во која се наоѓаат серверите и треба да се физички и криптографски заштитени, заради оневозможување на каква било модификација.

**III. Средно ниво на технички и организациски мерки**

**Дополнителни правила за технички и организациски мерки**

**Член 21**

Во документацијата за технички и организациски мерки утврдена во член 6 од овој правилник, задолжително треба да се содржани постапките за вршење периодични контроли, заради следење на усогласеноста на работењето на контролорот со прописите за заштита на личните податоци и со донесената документација за технички и организациски мерки, како и за мерките кои треба да се преземат при користење на медиумите.

**Член 22**

**Контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура**

Информацискиот систем и информатичката инфраструктура на контролорот задолжително подлежат на внатрешна и надворешна контрола со цел да се провери дали постапките и упатствата содржани во документацијата за технички и организациски мерки се применуваат и се во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Контролорот врши надворешна контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура на секои три години, а внатрешна контрола на секоја година.

Надворешната контрола од став (1) на овој член се врши преку обработка на документи од страна на независно трето правно лице.

Во извештајот од извршената контрола од ставот (1) на овој член задолжително треба да има мислење за тоа во колкава мера постапките и упатствата содржани во документацијата за технички и организациски мерки се применуваат и се во согласност со прописите за заштита на личните податоци, да се наведени констатираните недостатоци, како и предложените неопходни корективни или дополнителни мерки за нивно отстранување.

Во извештајот од ставот (1) на овој член треба да се содржани и податоците и фактите врз основа на кои е изготвено мислењето и се предложени мерките за отстранување на констатираните недостатоци.

Извештајот од ставот (4) на овој член се анализира од страна на офицерот за заштита на личните податоци, кој доставува предлози на контролорот за преземање на потребните корективни или дополнителни мерки, за отстранување на констатираните недостатоци.

Извештајот од ставот (4) на овој член треба да биде достапен за увид на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Образецот на извештајот од ставот (4) на овој член е составен дел на овој правилник.

**Член 23**
**Идентификација и проверка**

Контролорот треба да воспостави механизми кои ќе овозможуваат јасна идентификација на секое овластено лице кое пристапило до информацискиот систем и можност за проверка на авторизацијата за секое овластено лице.

**Член 24**
**Евидентирање на авторизираниот пристап *(*логови*)***

Контролорот води евиденција за секој авторизиран пристап која треба да ги содржи особено следните податоци: име и презиме на овластеното лице, работна станица од каде се пристапува до информацискиот систем, датум и време на пристапување, лични податоци кон кои е пристапено, видот на пристапот со операциите кои се преземени при обработка на податоците, запис за авторизација за секое пристапување, запис за секој неавторизиран пристап и запис за автоматизирано отфрлање од информацискиот систем.

Евиденцијата од ставот 1на овој член се чува најмалку пет години.

Офицерот за заштита на личните податоци врши периодична проверка на податоците од ставовите (1) и (2) на овој член, најмалку еднаш годишно и изготвува извештај за извршената проверка и за констатираните неправилности.

**Член 25**
**Контрола на физички пристап**

Во документацијата за технички и организациски мерки, контролорот треба да определи критериуми за овластените лица кои можат да имаат пристап до просториите каде е сместен информацискиот систем.

**Член 26**
**Управување со медиуми**

Контролорот треба да воспостави систем за евидентирање на медиумите кои се примаат со цел да овозможи директна или индиректна идентификација на видот на медиумот кој е примен, датум и време на примање, испраќач, број на медиуми кои се примени, вид на документ кој е снимен на медиумот, начин на испраќање на медиумот, име и презиме на лицето овластено за прием на медиумот.

Одредбите од ставот (1) на овој член се применуваат и за евидентирање на медиумите кои се испраќаат од страна на контролорот.

За пренесените медиуми надвор од работните простории на контролорот, треба да бидат преземени неопходни мерки за да се спречи неовластено обработување на личните податоци снимени на нив.

**Член 27**
**Евидентирање на инциденти**

Во Правилата за пријавување, реакција и санирање на инциденти, контролорот ги определува постапките кои се применуваат за повторно враќање на личните податоци и начинот на евидентирање на овластените лица кои ги извршиле операциите за повторно враќање на личните податоци, категориите на личните податоци кои се вратени и кои биле рачно внесени при враќањето.

За повторно враќање на личните податоци, контролорот издава писмено овластување на овластените лица за да ги извршат операциите за враќање на податоците.

**Член 28**

**Сигурносни копии**

Сигурносните копии задолжително се прават секој работен ден, на крајот од работната седмица и секој последен работен ден во месецот.

Сигурносните копии се чуваат надвор од објектот во која се наоѓаат серверите или персоналните компјутери во кои се сместени збирките на лични податоци за кои се прави сигурносна копија.

Сигурносните копии кои се чуваат на друга оддалечена локација од местото каде е сместен информацискиот систем треба да бидат обезбедени со соодветни технички и организациски мерки, согласно документацијата за технички и организациски мерки.

Во случајот од ставот (3) на овој член, меѓусебните права и обврски на контролорот и правното, односно физичкото лице каде се чуваат сигурносните копии, треба да бидат уредени со договор во писмена форма, кој задолжително ќе содржи технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци

## IV. Високо ниво на технички и организациски мерки

**Член 29**

**Сертификациони постапки**

Контролорот може да применува и други технички мерки за тајноста и заштита на обработката на личните податоци, преку примена на сертификациони постапки согласно прописите за податоците во електронски облик и електронски потпис.

**Член 30**

**Друга рачна обработка на личните податоци**

1. **Основно ниво на технички и организациски мерки**

Одредбите од членовите 2, 3, 4, 6, 7, 8, 11, 12, и 13 соодветно се применуваат и при друга рачна обработка на личните податоци што се дел од постојна збирка на лични податоци или се наменети да бидат дел на збирка на лични податоци.

**Член 30**

**Пристап до документите**

Пристапот до документите треба биде ограничен само за овластени лица на контролорот.

За пристапувањето до документите задолжително треба да се воспостават механизми за идентификација на овластените лица и за категориите на личните податоци до кои се пристапува.

Доколку е потребен пристап на друго лице до документите тогаш треба да бидат воспоставени соодветни процедури за таа цел во документацијата за техничките и организациските мерки.

**Член 31**

**Правило „чисто биро“**

Контролорот задолжително го применува правилото „чисто биро“ при обработката на личните податоци содржани во документите за нивна заштита за време на целиот процес на обработка од пристап на неовластени лица.

**Член 32**

**Чување на документи**

Чувањето на документите треба да се врши на начин со што ќе се применат соодветни механизми за попречување на секое неовластено отворање.

**Член 33**
**Начин на чување на документите**

Плакарите (орманите), картотеките или другата опрема за чување на документи задолжително треба да бидат сместени во простории заклучени со соодветни заштитни механизми. Просториите треба да бидат заклучени и за периодот кога документите не се обработуваат од овластените лица.

**Член 34**
**Уништување на документи**

Уништувањето на документите се врши со ситнење или со друг начин, при што истите повторно да не можат да бидат употребливи.

Во случајот од ставот (1) на овој член комисиски се составува записник кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на документот како и за категориите на личните податоци содржани во истиот.

**Член 35**
**2. Средно ниво на технички и организациски мерки**
**Начин на чување на документите**

Плакарите (орманите), картотеките или другата опрема за чување на документи задолжително треба да бидат сместени во простории заклучени со соодветни заштитни механизми. Просториите треба да бидат заклучени и за периодот кога документите не се обработуваат од овластените лица.

Кога физичките карактеристики на просториите не дозволуваат примена на мерките од ставот (1) на овој член, контролорот треба да примени други мерки за да се спречи секој неовластен пристап до документите.

**Член 36**
**3. Високо ниво на технички и организациски мерки**
**Копирање или умножување на документите**

(1) Копирањето или умножувањето на документите може да се врши единствено со контрола на овластени лица определени со претходно писмено овластување од страна на контролорот.

(2) Уништувањето на копиите или умножените документи треба да се изврши на начин што ќе оневозможи понатамошно обновување на содржаните лични податоци.

**Член 37**
**Пренесување на документи**

Во случај на физички пренос на документите контролорот задолжително презема мерки за нивна заштита од неовластен пристап или ракување со личните податоци содржани во документите кои се пренесуваат“.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 38**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 07-966/8-1**
**28.12.2012 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драге Јосифоски с.р.**

**Образец 1**

Врз основа на одредбите од Закон за заштита на личните податоци (Службен Весник на РМ бр. 7/05, 103/08, 124/10 и 135/11) и Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (Службен Весник на РМ бр. 38/09, 158/2010) на ден ________2012 година ја давам следната:

**И З Ј А В А**

за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци

Јас долупотпишаниот/ната,________________________________________, вработен/а во Одделението

___________________________________________________________________________,

на работно место _________________________________________________ и звање ___________________________________ во Општина Македонски Брод, согласно Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/09 и 158/2010) и документацијата за обезбедување тајност и заштита на личните податоци во општината,

**ИЗЈАВУВАМ** дека:

-ќе ги почитувам начелата за заштита на личните податоци;

- ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци,

-ќе ги чувам како доверливи личните податоци кои ќе ги обработувам;

-ќе ги чувам како доверливи мерките за заштита на личните податоци.

-ќе вршам обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од Општина Македонски Брод.

________________ година

Изјавил

________________________

**Образец 2**

**Извештај од извршената ______________ (внатрешна или надворешна) контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура**

1. **Назив и седиште/Име и адреса на живеење на контролорот**

   **________________________________________________________**

2. **Информации за збирката на лични податоци врз која е извршена контролата**

| |
|---|
| Назив на збирка/и на личните податоци |
| Ниво на безбедносните мерки:<br>- основно,<br>- средно и<br>- високо ниво.<br><br>Начин на обработка на личните податоци:<br>- целосно и делумно автоматизирана обработка на личните податоци;<br>- друга обработка на лични податоци што се дел од посебна збирка на лични податоци или се намети да бидат дел од збирка на лични податоци |

3. **Идентификација на контролата**

| |
|---|
| Датум на започнување: |
| Датум на завршување: |
| Спроведено од страна на: |

**Резултати од контролата**

**I. Целосно и делумно автоматизирана обработка на личните податоци**

| Ниво | Мерка на усогласеност | Степен на усогласеност | Констатирани недостатоци | Предложени коректившни или дополнителни мерки за отстранување на констатираните недостатоци |
|---|---|---|---|---|
| **Основно** | Документација за технички и организациски мерки (член 6) | | | |
| **Основно** | Технички мерки (член 7) | | | |
| **Основно** | Организациски мерки (член 8,9) | | | |
| **Основно** | Физичка сигурност на информацискиот систем (член 10) | | | |
| **Основно** | Информирање за заштитата на личните податоци (член 11) | | | |
| **Основно** | Обврски и одговорности на администраторот на информацискиот систем (член 12) | | | |
| **Основно** | Обврски и одговорности на овластените лица (член 13) | | | |
| **Основно** | Евидентирање на инциденти (член 14) | | | |
| **Основно** | Идентификација и проверка (член 15) | | | |
| **Основно** | Контрола на пристап (член 16) | | | |
| **Основно** | Управување со медиуми (член 17) | | | |
| **Основно** | Уништување, бришење или чистење на медиумот (член 18) | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Основно** | Сигурносни копии и повторно враќање на зачуваните лични податоци (член 19) | | | |
| **Основно** | Начин на чување на сигурносните копии (член 20) | | | |
| **Средно** | Дополнителни правила за технички и организациски мерки (член 21) | | | |
| **Средно** | Контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура (член 22) | | | |
| **Средно** | Идентификација и проверка (член 23) | | | |
| **Средно** | Евидентирање на авторизираниот пристап (член 24) | | | |
| **Средно** | Контрола на физички пристап (член 25) | | | |
| **Средно** | Управување со медиуми (член 26) | | | |
| **Средно** | Евидентирање на инциденти (член 27) | | | |
| **Средно** | Сигурносни копии (член 28) | | | |
| **Високо** | Сертификациони постапки (член 29) | | | |

**II. Друга обработка на лични податоци што се дел од посебна збирка на лични податоци или се намети да бидат дел од збирка на лични податоци**

| **Ниво** | **Мерка на усогласеност** | **Степен на усогласеност** | **Констатирани недостатоци** | **Предложени корективни или дополнителни мерки за** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **отстранување на констатираните недостатоци** |
| **Основно** | Документација за технички и организациски мерки (член 6) | | | |
| **Основно** | Технички мерки (член 7) | | | |
| **Основно** | Организациски мерки (член 8.9) | | | |
| **Основно** | Информирање за заштитата на личните податоци (член 11) | | | |
| **Основно** | Обврски и одговорности на администраторот на информацискиот систем (член 12) | | | |
| **Основно** | Обврски и одговорности на овластените лица (член 13) | | | |
| **Основно** | Евидентирање на инциденти (член 14) | | | |
| **Основно** | Идентификација и проверка (член 15) | | | |
| **Основно** | Контрола на пристап (член 16) | | | |
| **Основно** | Чување на документи (член 20) | | | |
| **Основно** | Правило „чисто биро“ (член 31) | | | |
| **Основно** | Уништување на документи (член 34) | | | |
| **Средно** | Начин на чување на документите (член35) | | | |
| **Високо** | Копирање или умножување на документите (член 36) | | | |
| **Високо** | Пренесување на документи (член 37) | | | |

**III. Податоци и факти врз основа на кои е изготвен извештајот и се предложени мерките за отстранување на констатираните недостатоци**

___________________________________________________________________________

**IV.Тим кој ја вршел контролата:**

| **Име и презиме** | **Работно место** | **Потпис** |
|---|---|---|
| | | |

**V.Офицер за заштита на личните податоци кој го примил и ја потврдил содржината на извештајот**

| **Име и презиме** | **Потпис** |
|---|---|
| | |

_____________________, __________________, 20_____ година
(место) (датум)

М.П. ____________________________
(потпис на одговорното лице)

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08, 124/10 и 135/11), а во врска со член 10, став 2, алинеја 3 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/09, 158/2010), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 28.12.2012 година донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ И ОДГОВОРНОСТИТЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ ЛИЦА И НА АДМИНИСТРАТОРОТ НА ИНФОРМАЦИСКИОТ СИСТЕМ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ И ИНФОРМАТИЧКО КОМУНИКАЦИСКАТА ОПРЕМА

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат обврските и одговорностите на овластените лица и администраторот на информацискиот систем при користење на документите и информатичко коминикациската опрема што Општина Македонски Брод, во својство на контролор, ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

## Член 2

Овластено лице во смисла на овој Правилник се државните службеници, надворешни соработници и други лица во Општина Македонски Брод кои користат документи и содржат лични податоци и имаат пристап до информатичко комуникациската опрема во општината.

Секое овластено лице кое има пристап до личните податоци и до информатичко комуникациската опрема кај контролорот, ги има следните обврски и одговорности:

-да ги применува сите правила и процедури воспоставени со донесените акти од страна на контролорот за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;

-да ги применува сите мерки за физичка сигурност на просториите каде се наоѓа информацискиот систем на контролорот;

-веднаш да ги пријави кај администраторот на информацискиот систем секакво сознание, било директно или индиректно, до кое ќе дојде, а може да укажува дека постои ризик од нарушување на системот за тајност и заштита на обработката на личните податоци кај контролорот, било да се работи за надворешен или за внатрешен ризик;

-не смее да ги прекршува преземените обврски за доверливост, со кои се обврзува дека секој податок до кој ќе дојде во текот на работењето кај контролорот, а кој спаѓа во категоријата на личен податок, согласно Законот за заштита на личните податоци, ќе го чува како доверлив и нема да го пренесува, оддава, ниту на друг начин ќе го стави на располагање на било кое друго лице и во било која форма, надвор од системот на пропишани и воспоставени технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;

-не смее да превзема содржини од непознати, неавторизирани, непроверени, сомнителни или забранети интернет страници;

-да ја чува доверливоста на својата лозинка;

-не смее да врши неавторизирано пренесување и/или користење на интерни документи и делови од нив или друга комуникација надвор од Општина Македонски Брод.

**Член 3**

**Администратор** на информацискиот систем, е државен службеник вработен во Општина Македонски Брод задолжен за спроведување на техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, како и за следење на прописите за заштита на личните податоци.

Администратор на информацискиот систем во Општина Македонски Брод ги има следните обврски и одговорности:

- Врши анализа и проценка на ризиците на информациониот систем во Општина Македонски Брод.
- Врши креирање, имплементација и развој на целокупниот процес на информативна сигурност;
- Врши ревизија на инциденти поврзани со нарушување на безбедноста на информациониот систем во согласност со Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти во општината;
- Врши доделување на корисничко име и лозинка при вработување на овластено лице со приспат до информацискиот систем, како и бришење на корисничкото име и лозинка на овластено лице на кое му престанало вработувањето.
- Го определува нивото на пристап до документите/информациите содржани во информацискиот систем по претходно овластување од страна на Градоначалникот.
- Изработува програми за ревизии во однос на сигурноста на информацискиот систем;
- Се грижи за спроведување на правилата на начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци согласно Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци на Општината.
- Му помага на офицерот за заштита на личните податоци при вршење на неговите работни задачи согласно прописите за заштита на личните податоци и документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Општина Македонски Брод.
- Во координација со офицерот за заштита на личните податоци врши периодична контрола на евиденцијата за авторизиран пристап;
- Во координација со офицерот за заштита на личните податоци се грижи за организација на обуки на вработените во однос на одржување на безбедноста на информацискиот систем.

Администраторот на информацискиот систем кој е овластен со Актот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци може да доделува, менува или да го одзема авторизираниот пристап до личните податоци и информатичко комуникациската опрема само во согласност со критериумите кои се утврдени од страна на контролорот.

**Член 4**

Секое овластено лице е одговорно за соодветна примена на интерните акти кај контролорот со кои се уредува заштитата на личните податоци, како и е одговорен доколку, како последица на прекршување или непочитување на некои од воспоставените мерки, биде загрозена тајноста на личните податоци што се обработуваат кај Контролорот или пак доколку дојде до нивна злоупотреба.

Под загрозување на тајноста на личните податоци се подразбира случајно или намерно постапување, непостапување или пропуштање од страна на овластените лица, како резултат на што се создаваат услови или можност да дојде до злоупотреба на личните податоци што се обработуваат кај Контролорот.

**Член 5**

Во случај на било какво прекршување или непочитување на било кој пропис или интерен акт од страна на овластеното лице, контролорот задолжително спроведува постапка за испитување на причините, начинот и последиците од таквото прекршување, односно непочитување, заради спречување на настанување на слично прекршување или непочитување во иднина.

Во случаите од став 1 на овој член, конторолорот спроведува и постапка за утврдување на одговорноста на овластеното лице согласно закон.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07-966/8-2**
**28.12.2012 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драге Јосифоски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци („( Службен весник на РМ бр.7/05, 103/08,124/10 и 135/11), а во врска со член 10, став 2, алинеја 4 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/09, 158/2010), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 28.12.2012 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РЕАКЦИЈА И САНИРАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ

## Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на пријавување, реакција и санирање на инциденти кои влијаат или можат да влијаат на тајноста и заштитата на личните податоци, кои се обработуваат во Општина Македонски Брод во својство на контролор.

## Член 2

Секое овластено лице е должно веднаш да го пријави на администраторот на информацискиот систем секој инцидент што ќе настане во процесот на обработување на личните податоци.

Пријавувањето на инцидентот од став 1 на овој член се врши во електронска форма, а доколку тоа не е возможно, пријавувањето се врши во писмена форма, при што се наведуваат следните податоци за инцидентот:

- Време на настанување на инцидентот;
- Траење и престанок на инцидентот;
- Место во информацискиот систем каде се појавил инцидентот;
- Податок или проценка за обемот, односно опсегот на инцидентот;
- Име и презиме на овластеното лице кое го пријавило инцидентот;
- Име и презиме на овластените лица до кои е доставена пријавата за инцидентот.

## Член 3

По приемот на пријавата за инцидент, администраторот на информацискиот систем, веднаш започнува да врши проценка на причините за појавување на инцидентот, како и за тоа дали и кои мерки треба да се преземат за негово санирање и за спречување на негово повторување во иднина.

Доколку се работи за инцидент кој се повторува, администраторот на информацискиот систем е должен да преземе мерки кои ќе гарантираат трајно отстранување на ризикот од негово повторување.

## Член 4

Доколку како последица на инцидент дојде до губење или бришење на дел или сите лични податоци, содржани во информацискиот систем, истите ќе бидат повторно внесени односно вратени во информацискиот систем, со користење на сигурносните копии кои што се чуваат кај контролорот.

Постапката од став 1 на овој член ќе се примени и доколку бришењето или губењето на дел или сите лични податоци, содржани во информацискиот систем е неопходно заради отстранување на последиците од инцидентот или за преземање на мерки за спречување на негово повторување во иднина.

**Член 5**

При повторното внесување – враќање на личните податоци во системот, задолжително и во електронска форма се врши евидентирање на овластените лица кои ги извршиле операциите за повторно враќање на податоците, категориите на лични податоци кои биле вратени и кои биле рачно внесени при враќањето.

Повторното враќање на личните податоци во информацискиот систем се врши од страна на лицата, врз основа на претходно издадено писмено овластување од страна на градоначалникот на Општината.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07-966/8-3**
**28.12.2012 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драге Јосифоски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци („( Службен весник на РМ бр.7/05, 103/08,124/10 и 135/11), а во врска со член 10, став 2, алинеја 5 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/09, 158/2010), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 28.12.2012 година донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ПРАВЕЊЕ НА СИГУРНОСНА КОПИЈА, АРХИВИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ, КАКО И ЗА ПОВТОРНО ВРАЌАЊЕ НА ЗАЧУВАНИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

## Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци кои се обработуваат во Општина Македонски Брод во својство на контролор ( во натамошниот текст општината).

## Член 2

Општината задолжително врши редовно снимање на сигурносна копија и архивирање на податоците во информацискиот систем за да се спречи нивно губење или уништување.

За правење на сигурносна копија од став 1 на овој член, контролорот располага со сервер за поддршка во кој секој работен ден се меморираат внесените податоци така што, во случај на пад на информацискиот систем, или негово оштетување од каква било причина, сите податоци остануваат сочувани во серверот за поддршка.

## Член 3

Заради заштита од неовластен пристап, серверот за поддршка кој претставува сигурносна копија на сите снимени податоци е сместен во безбедна просторија заштитена со сигурносна брава до која имаат пристап само овластени лица од контролорот.

## Член 4

Сигурносни копии задолжително се прават секој работен ден и на крајот од работната седмица, а по потреба и секој последен работен ден во месецот.

Сигуроносните копии се прават на начин што се гарантира постојана можност за реконструирање на личните податоци во состојба во која биле пред да бидат изгубени или уништени.

Контролорот задолжително ја проверува функционалноста на сигуроносните копии за вршење реконструкција на личните податоци.

По извршеното копирање на личните податоци содржани во електронските документи, сигурносната копија се носи на друга оддалечена безбедна локација која се наоѓа надвор од просторијата во која се чуваат серверите или персоналните персоналните компјутери во кои се сместени збирките на личните податоци за кои се прави сигуроносна копија.

Меѓусебните права и обврски на контролорот и правното, односно физичкото лице, каде се чуваат сигуроносните копии, ќе се уредат со писмен договор, во којшто задолжително ќе бидат содржани техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци.

Пристап до оддалечената безбедна локација, каде се чува медиумот, имаат само овластени лица од контролорот, при што медиумот се чува затворен во сеф со безбедносна брава и кој е обезбеден од физички влијанија (кражба, пожар, поплава и други влијанија).

**Член 5**

Сигурносните копии се чуваат надвор од просторијата во која се наоѓаат серверите и треба да се физички и криптографски заштитени, заради оневозможување на каква било модификација

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07-966/8-4**
**28.12.2012 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драге Јосифоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програмата за зимско одржување на улиците и локалните патишта на територијата на Општина Македонски Брод за 2013 година**

Се објавува **Програмата за зимско одржување на улиците и локалните патишта на територијата на Општина Македонски Брод за 2013 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 година.

Бр.08- 966/19
31.12.2012 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на чл.22 став1т.4 член 36 став 1 точка 6 и член 62ст.1т.6 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а в.в. со член 34 од Законот за јавните патишта (Сл.весник на РМ бр.84/2008), член 34 и член 35 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 93/2012 – пречистен текст) и член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, донесе:

# ПРОГРАМА

## за зимско одржување на улиците и локалните патишта на територијата на Општина Македонски Брод за 2013 година

### Член 1

Со оваа Програма се утврдува приоритетот, начинот на извршување и превземање на обврски за извршување на работите за зимско одржување на улиците и локалните патиштата во населените места во Општина Македонски Брод за безбедно и непречено одвивање на сообраќајот на локалните улици и патиштата во Општина Македонски Брод.

### Член 2

Имајќи го предвид интензитетот на сообраќајот на локалните улици и патишта на подрачјето на Општина Македонски Брод се распоредуваат во две приоритетни групи и вонредна приоритетна група.

**1.Во првата приоритетна група** – влегуваат регионалните патишта и главните собирни улици во градот и локалните патишта до населените места со асфалтен коловоз.

**2. Во втората приоритетна група** – влегуваат сите останати улици во градот и локалните патишта во општината Македонски Брод.

**3.Вонредна приоритетна група** – Во колку на одредени улици во градот или населените места е загрозен животот или здравјето на населението или материјалните добра ,се пристапува кон вонредно расчистување на приодите до загрозените лица и дистрибуирање на потребната помош.(Ова се прави по проценка и наредба на градоначалникот на општината,односно на општинскиот штаб за заштита и спасување со негово ангажирање)

**Член 3**

Составен дел на оваа Програма ќе биде списокот на улици во градот и локалните патишта во Општина Македонски Брод со утврден приоритет за зимско одржување,согласно член 2 од оваа Програма.

**Член 4**

Зимското одржување на улици и патишта ќе се врши согласно утврдениот приоритет по оваа Програма и тоа на следниов начин:

● Во случај на голомразица и после чистење на снег ќе се врши посипување на коловозот со мешавина од индустриска сол и камен ситнеж;

● Во случај на снежни врнежи чистењето на снегот од коловозот ќе се чисти со соодветна механизација,а на јавните прометни површини и премини каде не гравитираат станбени ,деловни и други административни јавни објекти чистењето ќе се врши рачно;

● На јавните прометни пешачки површини на кои гравитираат станбени ,деловни ,административни и други јавни објекти ( училишта,амбуланта) , се задолжуваат граѓаните односно правните лица кои се сопственици или корисници на истите сами да го извршат чистењето на снегот;

● Во случај на снежни врнежи поголеми од 30 см , Општина Македонски Брод ќе ангажира и дополнителна механизација од други субјекти со кои ќе се договори , а воедно и ќе соработува со ПО на ДЗС и Регионалниот центар за управување со кризи, во насока на превземање понатамошни активности за расчистување на таквите снежни врнежи за благовремено решавање на проблемите настанати од таквите состојби.

**Член 5**

Чистењето на снегот од коловозот на улиците и локалните патишта ќе се врши редовно ,со обезбедување на потребна минимална ширина на очистен коловоз,а по целата должина на истите.

**Член 6**

Чистењето на снегот започнува со почетокот на врнежите ,најдоцна во рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи и трае до целосно расчистување. При таквата активност доколку се јави потреба на определени улици ,во соработка со сообраќајната полиција може да се направи времено прекинување на сообраќајот се додека не се обезбедат минимални услови за одвивање на истиот

При снежни врнежи сите сопственици ,односно корисници на објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните површини, со што непречено ќе се обезбеди движењето.

**Член 7**

Работите на зимското одржување на улиците и локалните патишта на територијата на Општина Македонски Брод ќе ги врши ЈП "Водовод и канализација" од М.Брод ,согласно Програмата за зимско одржување на улици и локални патишта.

**Член 8**

Надзор над спроведувањето на активностите предвидени со оваа Програма ќе врши стручна служба составена од вработени во Општина Македонски Брод во соработка со Подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во Македонски Брод и ПО од ДЗС во Македонски Брод .

**Член 9**

Општина Македонски Брод во буџетот за 2013 година ќе предвиди финансиски средства за реализација на активностите од оваа Програма.

## Завршни одредби

Програмата за зимско одржување на улиците и локалните патишта на територијата на Општина Македонски Брод за 20103, може да се измени и дополни согласно законските одредби ,условите и можностите.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод .

**Бр.07-966/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**28.12.2012** **Претседател,**

**Македонски Брод** **Драге Јосифоски с.р.**

## Список на улици во градот и локални патишта во Општина Македонски Брод со утврден приоритет за зимско одржување

**1.Во Прва приоритетна група на улици влегуваат:**

- Улица Маршал Тито со кракот што води до трите станбени згради и делот на регионалниот пат со уредно формиран тротоар ( коловозната површина ја одржува ЈП "Македонија пат" а, површината под тротоар општината )

- ул. "Партизанска"

- ул. "Илија Игески Цветан"

- ул."Кирил Методиј"

- ул."Мирче Ацев"

- ул."Вук Караџиќ"

- ул."Димитар Влахов"до спојот со ул."Илинденска"

- ул."Пролетерска"

- ул."7 – ми Септември" до пресекот со ул."Илинденска"

- ул."Првомајска"

- ул."Неретва"

- ул."Душан Митрески"

- ул."Крушевска Република"

- ул."Иво Лола – Рибар"

- ул."Кочо Рацин"

и сите локални патишта со асфалтиран коловоз.

**2.Во втората група на улици и локални патишта за зимско одржување влегуваат сите останати улици во градот и останатите локални патишта.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К
**За објавување на Одлуката за усвојување на блоковската поделба на Урбанистички план за с.Здуње општина Македонски Брод**

Се објавува **Одлуката за усвојување на блоковската поделба на Урбанистички план за с.Здуње општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 година.

Бр.08- 966/19
31.12.2012 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа на РМ (Сл.весник на РМ бр.05/02), и член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03),Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 год. ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За усвојување на блоковска поделба на Урбанистичкиот план за с.Здуње општина Македонски Брод**

1.Се УСВОЈУВА блоковска поделба на Урбанистичкиот план за с.Здуње-општина Македонски Брод согласно графичкиот прилог тех.бр.31/12 изработен од ДООЕЛ„Перкан-Проект“ од Прилеп.

2.Графичкиот прилог не се објавува се чува во одделението за урбанизам и заштита на животната средина при општината Македонски Брод

3.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

Бр. 07-966/10
28.12.2012 год.
Македонски Брод

Совет на општина Мак.Брод
Претседател,
Драге Јосифоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за формирање на постојана комисија за заштита на правата на пациентите**

Се објавува **Одлуката за формирање на постојана комисија за заштита на правата на пациентите,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 година.

Бр.08- 966/19
31.12.2012 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

*Врз основа на член 39 од Законот за заштита на правата на пациентите(Сл.Весник на РМ бр.82/08 и 12/09) Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 година ја донесе следната*

# *О Д Л У К А*

*За формирање на постојана комисија за заштита на правата на пациентите*

*1.Советот на општина Македонски Брод формира постојана комисија за заштита на правата на пациентите на територијата на општина Македонски Брод согласно со Законот за заштита на правата на пациентите.*

*2.Составот на комисијата е од девет членови од кои двајца претставници од редот на пациентите-членови на здружение на пациенти,двајца претставници од невладини организации кои се занимаваат со човечки права и граѓански иницијативи,двајца лекари од општина Македонски Брод и тројца членови делегирани од Советот на општината Македонски Брод.*

*3.Персоналниот состав на комисијата е:*

*1.Стојан Секулоски*
*2.Драге Јосифоски*
*3.Виолета Столеска*
*4.Румена Михајлоска*
*5.Ѓуро Србиноски*
*6.Игор Дабески*
*7.Гордана Војнеска*
*8.Добре Силјаноски*
*9.Мануела Маркоска*

*4.Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Македонски Брод.*

Бр.07-966/11
28.12.2012 година
Македонски Брод

*Совет на општина Мак.Брод*
*Претседател*
*Јосифоски Драге* с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за поставување на туристички патоказни знаци**

Се објавува **Одлуката за поставување на туристички патоказни знаци,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 година.

Бр.08- 966/19
31.12.2012 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод, („Службен гласник на општина Македонски Брод бр.2/2003), а по поднесено барање од лицето Менка Глигуроска од Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, донесе

# О Д Л У К А
## за поставување на туристички патоказни знаци

**Член 1**

Се поставуваат 2 (два) туристички патоказни знаци кои ќе насочуваат кон црквата „Св.Богородица“ во Македонски Брод. Едниот знак ќе биде поставен на крстосницата помеѓу улицата „Маршал Тито“ и улицата „Партизанска“, а другиот знак ќе биде поставен на крстосницата помеѓу улиците „Партизанска“, „Вук Караџиќ“, „Иво Лола Рибар“и „Илија Игески Цветан“.

Член 2

Патоказниот знак да има облик на правоаголник на кој што има стрелка, туристичкиот патоказен знак има подлога со кафеава боја, вметнатите полиња, натписите и стрелките се со бела боја, а симболите се по правило со црна боја .Големината на страните на туристичките патоказни знаци е согласно вазачките македонски стандарди.

Член 3

Патоказните знаци да бидат изработени согласно правилникот за сообраќајни знаци, сигнализација и опрема на патот (Сл.Весник на РМ бр.47/10 ,31/11и 74/11).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето и ќе се објави во Сл.Гласник на општина Македонски Брод.

Бр.07-966/12
28.12.2012 год.

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Драге Јосифоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за отстапување на движни ствари на Ловна група с.Преглово**

Се објавува **Одлуката за отстапување на движни ствари на Ловна група с.Преглово,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 година.

Бр.08- 966/19
31.12.2012 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.Гласник бр. 2/2003), по поднесеното барање од група на ловци с. Преглово бр.07-879, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28 декември 2012 година

# О Д Л У К А

**За отстапување на движни ствари на Ловна група с.Преглово**

**Член 1**

Со оваа Одлука на Ловната група од с.Преглово и се отстапуваат на користење движни ствари - 10 кревети, сопственост на СОУ „Свети Наум Охридски " од Македонски Брод.

**Член 2**

Движните ствари, утврдени во член 1 од оваа Олдука се отстапуваат на трајно користење без надоместок.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

**Број 07- 966/13**
**28.12.2012 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драге Јосифоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за исплата на надоместок за земјиште од ИЛ1118 , КП 3691 за КО Македонски Брод**

Се објавува **Одлуката за исплата на надоместок за земјиште од ИЛ1118 , КП 3691 за КО Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 година.

Бр.08- 966/19
31.12.2012 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.декември 2012 година донесе

# ОДЛУКА

За исплата на надоместок за земјиште

**Член 1**

Согласно оваа Одлука на лицето сопственик на имот од ИЛ.1118 за КО Македонски Брод да му се исплати паричен надоместок за одземање – експропријација на дел од земјиште кое се наоѓа на КП 3691 со површина 1.385$м^2$ м.в М.Тито на која ќе се изведуваат градежни работи за изградба.

**Член 2**

За исплата на надоместокот,помеѓу општина Македонски Брод и сопственикот на ИЛ.1118 ќе се склучи Спогодба за начинот на плаќањето, квадратурата, износот и постапката за плаќање на надоместокот помеѓу двете страни, по претходно утврдена фактичка состојба од страна на службите во општината.

**Член 2**

Одобрените финансиски средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод.

**Член 3**

Се задолжува Одделението за финансиски прашања при општина Македонски Брод да ја спроведе наведената одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07- 966/14**
**28.12.2012 год.**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драге Јосифоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 21 став 1 точка 35 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28 декември 2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод донесе заклучок со кој го осудува насилството во парламентот и насилното отстранување на пратениците од опозицијата како и на новинарите.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 07- 966/15
28.12.2012 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Драге Јосифоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за оттуѓување на дворно место старо училиште с.Вир и с.Црешнево**

Се објавува **Одлуката за оттуѓување на дворно место старо училиште с.Вир и с.Црешнево,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12.2012 година.

Бр.08- 966/19
31.12.2012 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 т. 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), чл. 21 ст. 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.Гласник бр. 02/03) , по поднесеното барање од страна на Д.Т.У ВИП – Козметикс од Скопје ул. Сава Ковачевиќ 47 , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.12. 2012 година

# О Д Л У К А

**За оттуѓување на дворно место старо училиште с.Вир и с.Црешнево**

**Член 1**

Согласно оваа одлука се врши оттуѓување на градежно земјиште ( дворно место) по цена 61,50 денари за старо училиште во с.Вир и продавница во с.Црешнево.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 07- 966/17**
**28.12.2012 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драге Јосифоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28 декември 2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на извештај за работа на ОУ Дом на култура Македонски Брод за 2012 година и**

**Програма за работа за 2013 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои извештајот за работа на Општинска установа Дом на култура Македонски Брод за 2012 година и Програмата за работа за 2013 година.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 07- 966/18
28.12.2012 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Драге Јосифоски с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за објавување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2013 година и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод ....... стр. 2

Буџет на Општина Македонски Брод за 2013 година .................................. стр. 3

Одлука за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2013 година .......................................................................................................... стр. 52

Буџетски календар на Општина Македонски Брод за 2013 година ............ стр. 64

Заклучок за објавување на Одлуката за измена и дополна на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2013 година ....................................................................................................... стр. 68

Одлука за измена и дополна на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2013 година ................................. стр. 69

Заклучок за објавување на Одлуката за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за објект „РУДПРОИНГ-МУСТАКАС“ ДОО – погон „Бабин дол“ од Македонски Брод, за формирање на градежна парцела Г-2 лесна и незагадувачка индустрија .......................................................................... стр. 70

Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за објект „РУДПРОИНГ-МУСТАКАС“ ДОО – погон „Бабин дол“ од Македонски Брод, за формирање на градежна парцела Г-2 лесна и незагадувачка индустрија .............. стр. 71

Заклучок за објавување на Одлуката за измена и дополна на дел од Генералниот урбанистички план за Македонски Брод ................................................................ стр. 72

Одлуката за измена и дополна на дел од Генералниот урбанистички план за Македонски Брод ........................................................................................... стр. 73

Заклучок за објавување на Заклучокот (Правилници) за спроведување на мерките по Закон за заштита на лични податоци .................................................... стр. 74

Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци ........................................................ стр.75

Правилник за определување на обврските и одговорностите на овластените лица и на администраторот на информацискиот систем при користење на документите и информатичко комуникациската опрема ............................................................ стр. 90

Правилник за пријавување, реакција и санирање на инциденти ................ стр. 93

Правилник за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и повторно враќање на зачуваните лични податоци ...................................... стр. 95

Заклучок за објавување на Програмата за зимско одржување на улиците и локалните патишта на територијата на Општина Македонски Брод за 2013 година ........................................................................................................................ стр. 97

Програма за зимско одржување на улиците и локалните патишта на територијата на Општина Македонски Брод за 2013 година .................................. стр. 98

Заклучок за објавување на Одлуката за усвојување на блоковската поделба на Урбанистичкиот план за с.Здуње, Општина Македонски Брод ............................ стр. 102

Одлука за усвојување на блоковската поделба на Урбанистичкиот план за с.Здуње, Општина Македонски Брод ................................................................... стр. 103

Заклучок за објавување на Одлуката за формирање на постојана комисија за заштита на правата на пациентите ......................................................................... стр. 104

Одлука за формирање на постојана комисија за заштита на правата на пациентите .......................................................................................................... стр. 105

Заклучок за објавување на Одлуката за поставување на туристички патоказни знаци ........................................................................................................................ стр. 106

Одлука за поставување на туристички патоказни знаци ............................ стр. 107

Заклучок за објавување на Одлуката за отстапување на движни ствари на Ловна група с.Преглово ........................................................................................... стр. 108

Одлука за отстапување на движни ствари на Ловна група с.Преглово ..... стр. 109

Заклучок за објавување на Одлуката за исплата на надоместок за земјиште од ИЛ 1118, КП 3691 за КО Македонски Брод ......................................................... стр. 110

Одлуката за исплата на надоместок за земјиште ........................................ стр. 111

Заклучок ............................................................................................................ стр. 112

Заклучок за објавување на Одлуката за оттуѓување на дворно место старо училиште с.Вир и с.Црешнево ...................................................................... стр. 113

Одлука за оттуѓување на дворно место старо училиште с.Вир и с.Црешнево ........................................................................................................................ стр. 114

Заклучок за усвојување на Извештај за работа на ОУ Дом на култура Македонски Брод за 2012 година и Програма за работа за 2013 година ............. стр. 115